Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18) и одредбите од Статутот на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 23.01.2019 година го усвои следниов

# П Р А В И Л Н И К
## заштита од дискриминација и нееднаквост

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се се обезбедува спречување и заштита од дискриминација во остварувањето на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија, позитивните законски прописи и ратификуваните меѓународни договори на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје (во понатамошниот текст ФБЕ).

### Член 2

На ФБЕ се забранува било кој облик на директна и индиректна дискриминација и вознемирување при:

- процесот на запишување на студии;
- образовниот процес;
- достапноста до услуги, бенефиции и објекти;
- вработувањето, кариерното напредување, изборот во звања и престанокот на вработувањето, согласно со закон;
- бенефициите поврзани со работата на ФБЕ и шансите за развој;
- трансферите и обуките;
- студентското организирање;
- содржината на студиски програми;
- управувањето и учеството во органите и телата на ФБЕ;
- финансирањето на високото образование и
- која било друга област од високото образование.

На ФБЕ се забранува вознемирување и понижувачко однесување на лице или на група на лица кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има за цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

На ФБЕ се забранува сексулано вознемирување и дискриминација на лица со ментална и телесна попреченост.

На ФБЕ се забранува повикување и поттикнување на дискриминацијата, при што како дискриминација ќе се смета секоја активност со која некое лице директно или индиректно повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува друго лице да изврши дискриминација.

На ФБЕ се забранува и виктимизацијата како начин на дискриминација, односно трпење на штетни последици на лицето кое презело одредени активности за заштита од дискриминација (пријавило дискриминација, започнало постапка за дискриминација и сведочело во текот на постапката).

**Член 3**

Во рамките на дејноста , ФБЕ спроведува политики насочени кон заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста со кои:

- се гарантира еднаквост во високото образование;
- се елиминира незаконската дискриминација, вознемирување и виктимизација согласно одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за еднакви можности на жените и мажите;
- се поддржуваат еднаквите можности за граѓаните кои споделуваат карактеристики кои се предвидени како можни основи за дискриминација;
- се забрануваат сите форми на родово засновано насилство и одржување на негативните родови стереотипи преку содржините, практиките и во останатите области од високото образование.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКИРИМАНИЦИЈА И НЕЕДНАКВОСТ**

**Член 4**

Директорот на ФБЕ со одлука именува комисија составена од 3 члена, при што 2 члена се од редот на наставниците, со мандат од 2 години и право на уште еден

избор и 1 член е од редот на студентите, со мандат од 1 година и право на уште еден избор. Членот од редот на студентите го избира Студентското собрание.

**Член 5**

Комисијата за заштита од дискриминација и нееднаквост:

- се грижи за спроведување на политиките на еднаквост и недискриминација;
- предлага донесување на нови политики, процедури и протоколи за еднаквост, инклузија и недискриминација;
- известува и презема мерки за отстранување на дискриминаторски практики на ФБЕ;
- спроведува истражување на состојбите со еднаквост, недискриминација и инклузија и известува за нив;
- постапува по претставки за дискриминација и вознемирување;
- на подносителот на претставката му дава информации за неговите права и можности за покренување на судска или друга постапка за заштита;
- ги информира вработените и студентите за политиките на еднаквост и недискриминација;
- спроведува едукација на вработените и студентите за еднаквост и недискриминација;
- спроведува обуки и промоции преку кои ќе ја подигнат свеста за недискриминација и еднаквост на вработените и студентите;
- презема други активности и мерки во насока на промоција на еднаквост, недискриминација и инклузија.

**ПОСТАПКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРЕД КОМИСИЈАТА ПРЕД КОМИСИЈАТА**

**Член 6**

Лицето кое смета дека претрпело дискриминација поднесува претставка до Комисијата, писмено или усно на записник.

Со претставката лицето поднесува докази и факти од кои може да се утврди актот или дејствието на дискриминација.

Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од три месеци од денот кога била сторена повредата или најдоцна една година од дознавањето за актот на дискриминација.

Комисијата може да поведе постапка и по истекот на рокот доколку оцени дека се работи за случај од таква важност за кој би било неопходно и целисходно да се води постапката.

Комисијата претставката ја доставува до лицето против кого е поднесена во рок од 15 дена од денот на приемот.

**Член 7**

Комисијата не постапува по претставката ако е очигледно дека нема повреда на правото на кое поднесувачот се повикува, ако во истата работа веќе постапувал, а не се понудени нови докази и ако утврди дека поради истек на времето од направената повреда на правото, не е можно да се постигне целта на постапката.

**Член 8**

По прием на претставката Комисијата ја утврдува фактичката состојба со увид во документите и земање на изјави од подносителот на претставката, лицето против кое е поднесена претставката, како и од други лица.

Лицето против кое е поднесена претставката може да се изјасни за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

**Член 9**

Комисијата дава мислење за наводната дискриминација во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на претставката и за тоа го известува поднесувачот и лицето против кое е поднесена претставката.

Со писменото мислење, а по утврдената дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредите на правото.

Лицето на кое препораката е упатена, е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката, како и за тоа да ја извести Комисијата.

**Член 10**

Ако лицето на кое препораката е упатена не постапи по препораката, односно не ја отстрани повредата на правото, Комисијата може да покрене иницијатива за поведување на постапка пред надлежен орган за утврдување на неговата одговорност.

**Член 11**

Во зависност од тежината и обликот на дискриминација, Комисијата има право да ги преземе следните мерки:

- препораки за отстранување на дискримацијата, во вид на извинување на лицето, односно групата на која е направена дискриминацијата;
- препораки за отстранување на дискриминацијата, во вид на јавно извинување
- препорака (или изрекување мерка) за поведување дисциплинска постапка;
- покренување на иницијатива за покренување на постапка пред надлежен орган и
- други мерки согласно овој Правилник и внатрешните акти на ФБЕ.

**Член 12**

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

Директор,

д-р Биљана Ѓозинска, с.р.